**Народна банка на Република Македонија** застапувана од Гувернерот М-р Петар Гошев

**Министерство за финансии** застапувано од Министерот М-р Никола Поповски

**Здружение на банкарството и осигурувањето при Стопанска комора на Македонија** застапувано од претседателот Д-р Драгољуб Арсовски

на ден 20.10.2004 година, ја донесоа следната

**Спогодба**
**за основање на Национален Совет за платни системи**
**на Република Македонија**

Член 1

Националниот Совет за платни системи на Република Македонија (во понатамошниот текст: Совет) има за цел да го поддржи постигнувањето на стабилен и ефикасен платен систем во Република Македонија. Исто така, Советот ќе служи како форум за соработка како во регионален, така и на поширок интернационален контекст во доменот на платните системи.

Советот ги разгледува прашањата кои се однесуваат на сите аспекти на платните системи во земјата, и ги има следните задачи:

- ја поттикнува соработката помеѓу учесниците и надлежните институции (регулатори) на пазарот во доменот на платните системи;
- покренува иницијатива до надлежните институции за донесување на прописи во врска со платниот промет, а по потреба дава иницијативи за измени и дополнувања на постоечките законски и подзаконски прописи;
- дефинира и предлага заеднички постапки во платниот промет со цел за единствена примена на законски прописи од различни подрачја;
- го следи развојот и врши промоција на заеднички инцијативи кои се насочени кон имплементација на нови услуги и сервиси во платниот промет заради поквалитетен однос на банките и нејзините комитенти;
- учествува во подготовка на Стратегискиот документ за развојот на платниот систем во Република Македонија;
- ја поттикнува и следи имплементацијата на реформите во платните системи во Република Македонија;
- ги утврдува проблемите кои настануваат во одвивањето на платниот промет во земјата и предлага решенија за нивно отстранување;
- дава помош во идентификацијата на влијанијето на различните опции врз деловните и дневните операции на учесниците како и на интересите на крајните корисници;
- учествува во изборот на главни принципи и опции за дизајнот на платните системи во Република Македонија;
- по потреба разгледува индивидуални проекти кои треба да бидат започнати и имплементирани и по истите може да даде мислење;
- врши промоција на стандардизација на процедури и системи во склад со аспирациите на Република Македонија во идните евро-атлански интеграции;
- укажува на монополски појави во платниот промет и ги афирмира пазарните принципи на функционирање;
- врши промоција на познавањето на прашањата поврзани со платните системи во земјата. За таа цел Советот користи различни средства соодветни на потребите (работни сесии, семинари, интернет страници, билтени во медиуми итн.) и

- врши промоција на регионалната и интернационалната соработка на сите активни институции во платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност.

Член 2

Работата на Советот не навлегува во законските ингеренции и функции на Народна банка на Република Македонија и Министерството за финансии.

Член 3

Советот го сочинуваат членовите кои се именувани од потписниците на оваа Спогодба.

Со работата на Советот раководи Претседател на Советот.

Во случај на отсутност и спреченост на Претседателот на Советот со работата на Советот управува Заменик- претседателот на Советот.

Во извршување на административно-техничките работи поврзани со работата на Советот, на претседателот на Советот му помага секретарот на Советот, кој по неговата функција не е член на Советот.

Член 4

Секој потписник на Спогодбата назначува во Советот најмалку еден, а не повеќе од четири членови.

За именуваните членови на Советот, потписниците на Спогодбата се должни да го известат претседателот на Советот во рок од 8 дена од денот на донесувањето на оваа Спогодба.

Секој потписник на Спогодбата може во било кој момент наместо постоечкиот да именува друг член во Советот, и за тоа е должен по писмен пат да го извести претседателот на Советот.

За промените настанати по однос на став 3 од овој член претседателот на Советот ги известува сите членови на Советот.

Претседателот на Советот го именува и разрешува Гувернерот на Народна банка на Република Македонија, и за тоа ги известува сите членови на Советот.

Заменик претседателот на Советот го именува и го разрешува Министерот за Финансии и за тоа го известува претседателот на Советот, кој по службена должност ги известува сите членови на Советот.

Секретарот на Советот го именува и разрешува претседателот на Советот, и за тоа ги известува сите членови на Советот.

Член 5

Во работата на Советот може да учествуваат и други претставници од државни институции или други правни лица, кога членовите на Советот ќе одлучат дека нивното учество во работата би придонело за стручно и целосно согледување на прашањата кои се разгледуваат, односно кога на Советот се разгледуваат прашања поврзани со овие институции.

Член 6

Деловникот за работа на Советот ги уредува:

- правата и должностите на членовите на Советот;
- правата и должностите на претседателот на Советот;
- припремање и закажување на седниците на Советот;
- начин на извршување стручни и административни работи поврзани со работењето на Советот;
- јавност во работењето на Советот;
- седиште и финансирање на работата на Советот;
- останати прашања поврзани со работата на Советот.

Член 7

На првата седница на Советот се донесува Деловник за работа на Советот.

Член 8

Оваа Спогодба се потпишува во четири (4) исти примероци, од кои секој Потписник на спогодбата задржува еден примерок за сопствените потреби, а еден се чува кај Претседателот на Советот.

Член 9

Оваа Спогодба стапува во сила на денот на донесувањето.

Министерство за финансии
Министер
М-р Никола Поповски, с.р.

Народна банка на Република Македонија
Гувернер
М-р Петар Гошев, с.р.

Здружение на банкарството и осигурувањето при
Стопанска комора на Македонија
Претседател
Д-р Драгољуб Арсовски, с.р.